# БОЖИЌ

**О, дојдете да Го прославиме!**

Секој ден: читај ја библијата, моли се за да можеш да го разбереш тоа што го читаш и одговори на прашањата.

Недела 1: Матеј 1:18-25, Лука 2:1-7
Недела 2: Лука 2:8-20
Недела 3: Лука 2:25-33
Недела 4: Матеј 2:1-12

## Ден 1 Понизното доаѓање

Набројте што учите во врска со доаѓањето на Спасителот? Што е тоа што ве изненадува во врска со Неговото доаѓање?

## Ден 2 Дали го слушаш тоа што јас го слушам?

Замислете се себеси во овој пасус од библијата.
Опишете што има околу вас (што гледате, мирисите и што е тоа што го слушате).
Како можеби се „чувствувате“ во оваа ситуација?

## Ден 3 Кој, Јас?

Каков е одговорот на личноста/луѓето во однос на Исусовото доаѓање? Дали вие би одговориле на ист начин? Зошто да или зошто не?

## Ден 4 Возбуда поради надежта

Прочитајте го на глас овој текст од библијата. Можеби ќе сакате да го прочитате овој пасус и од други два различни преводи на библијата. Оставете си доволно време за слушање и рефлективно размислување на текстот.
Надежта е дефинирана како сигурност, оптимизам, котва на нашата вера. Како луѓето од овие стихови ја наоѓаат надежта?

## Ден 5 Верата доаѓа од слушање

Учењето на вистините за раѓањето на Исус Христос, изградува една основа на која нашата вера расте. На кој начин порасна вашата вера преку читањето и проучувањето на овој пасус од библијата? Со кого би сакале да ја споделите оваа порака?

## ВОВЕД

**Anno Domini**, година Господова. Календарот на целата планета се врти околу една дата – раѓањето на Исус Христос. Без разлика дали ние веруваме или не веруваме во тоа кој Христос тврдеше дека е, сепак неговото раѓање останува почетна точка според која целиот свет живее. Овој настан ја промени историјата.

Никогаш досега зборот „Спасител“ не бил употребен. „Таа ќе роди Син и ќе му го дадеш името Исус, зашто Тој ќе го спаси својот народ од нивните гревови“ Матеј 1:21. Што е Спасител и зошто нам ни е потребен? Бог го постави својот стандард, совршенство. Човештвото набргу го сфати залудниот обид да живее според тој стандард. Правејќи напори да му угодат на Бог, открија дека не постои таков начин. Преку вера и само преку вера во животот, смртта и воскресението на Исус Христос, патот до Бог стана возможен. Неговиот живот стана совршен откуп кој Бог го побара. Сето ова започна со едно навидум незначајно раѓање на едно дете во Витлеем.

Ова кратко четиринеделно библиско проучување е наменето да ни го привлече вниманието кон понизното доаѓање на Спасителот во нашите животи. Како што ќе го читате, размислувате и како што ќе го проучувате Божјиот збор, длабоко во вас ќе започнат да се случуваат прекрасни промени. За вас Божиќната сезона ќе стане едно возбудливо време на подготовка, како што ќе проучувате делови од библијата кои се поврзани со Неговото доаѓање.

Ѕирнете во овие четири приказни. Ќе се најдете помеѓу слаткиот мирис на сеното и звуците на бучниот храм. Ќе ја видите ѕвездената ноќ и ќе ги прегрнете малите рачиња на новороденчето. Ќе имате можност да почувствувате како е да се биде жив сведок на една голема објава и ќе можете да се придружите на целото создание, поклонувајќи Му се на Кралот со почит.

Бог го испланирал овој момент од вечноста во минатото. Исус дојде точно на време. Ајде да се подготвиме.

О, дојдете да Го прославиме!

NBS2GO ©2021 NBS2GO™, Cru® служба. Сите права се задржани. nbs2go.com